Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## САМИТ

На 01.11. 2006 год. во Скопје се одржа еднодневен Менаџмент самит на "Фондот за развој на човечки ресурси" во рамки на HRDF2 проектот на Европската Агенција за Реконструкција. Меѓу предавачите на Самитот беше проф. д-р Р. Миновски со темата "Конекции помеѓу образованието и практиката".

Во рамки на самитот беше организиран саем со учество на институции од земјава кои организираат обуки во форма на континуирано образование.

Меѓу учесниците беше и МФС, претставен преку проектните активности кои организираат обуки (CIRKO, UBSC, CIRKO-MES CE, JC-Training Center, Центар за енергетска ефикасност).

## КОНКУРС

Националната Темпус канцеларија објави конкурсот за аплицирање за заеднички европски ЈЕП проекти. Краен рок за аплицирање е 15.12.2006 год. Дополнителни информации има на веб: http://ec.europa.eu /comm/education/programmes/tempus

## МЕСЕЦ НА НАУКАТА

Во ноември, како месец на науката се организира бројни манифестации на тема наука и истражувања. Во тој контекст, во текот на месецов беа организирани неколку настани:

- Ден на науката - Конференција во ректоратот на УКИМ, 10.11.2006 год.
- Предизвици на науката - Предавања одржани во МАНУ, 13.11.2006 год.
- Обраќање на европскиот комесар за наука г-дин Јанез Поточник, одржано во МАНУ, 16.11.2006 год.

## МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА СОРАБОТКА

На покана на Madurai Kamaraj University од Madurai, India, доц. д-р Никола Туенски ќе биде член на Комисијата за оценка на докторската дисертација со наслов Certain aspects of geometric function theory.

## ИНФОРМАЦИЈА ОД БИБЛИОТЕКА

Од интернет мрежата на МФС достапни се full papers содржините на одреден број списанија на веб страната:

www.sciencedirect.com

Листата на списанија е доставена до сите вработени на МФС.

## АКТИВНОСТИ НА CIRKO MES CE

- Во Центарот CIRKO MES CE во период од 6.11 до 6.01.2006 год. се одржува обука на кадри за Project Management во соработка со СЕАВУС Скопје. Обуката ја следат 17 студенти
- Од 6.11 до 15.12.2006 год. се одржува обука за оперативен систем Soralis 9 во соработка со фирмата ЛАКОМ
- Од 20 до 23.11.2006 год. се одржа обука за претставници од локалните власти за Географски информативни иситеми, во соработка со ГИС ДАТА Скопје.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Во рамките на програмата на УНЕСКО-Мондијалого за промовирање на дијалог помеѓу студентите и младите инжинери од развиените и земјите во развој распишана е награда за инжинерство. Подетални информации можат да се добијат на вебот: www.mondijalogo.org

## НОВО РАБОТНО ВРЕМЕ

Почнувајќи од 01.12.2006 год. стручните служби при МФС ќе работат од 8 до 16 часот. При тоа некои служби (сметачкиот центар, фотокопирницата и лаборантите) ќе работат од 7.30 часот. Хигеничарките ќе работат од 6 часот.

## ПРЕДАВАЊА И ВЕЖБИ НА ВЕБ

Ве потсетуваме дека на факултетската веб страна има подмени "предавања во електронска форма". Таму можете да ги поставите вашите предавања и вежби така да тие се достапни до студентите и до сите заинтересирани за нив.

Подетални информации може да добиете во Сметачкиот Центар.

## ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ

Ве известуваме дека заедно со комшиите од ФЕИТ се подготвува изложба на интересни фотографии. Имено идејата е да се прикажат фотографии од вработените во ситуации кои не се поврзани со настава.

При тоа се замолуваат сите заинтересирани да достават свои фотографии (во електронска форма, хартиена или негативи) до Тони Манџуковски или до Дарко Данев најдоцна до 15 декември.

Фотографии заедно со тие на нашите комшии ќе бидат изложени на изложба во факултетот поповод новогодишните празници.

## О Т С У С Т В А

Во тек на 11 месец службени патувања во странство заради студиски или стручен престој остварија:

1. Доц. д-р Ѓорѓи Аџиев во Германија.
2. Проф. д-р Славе Арменски во Германија.
3. Проф. д-р Томислав Златановски во Бугарија.
4. Проф. д-р Делчо Јовановски во Бугарија.
5. Доц. д-р Валентино Стојковски во Белгија
6. Доц. д-р Ристо Филкоски во Белгија
7. Проф. д-р Лазе Трајковски во Малезија.
8. Доц. д-р Дарко Данев во Словенија и Германија.
9. Доц. д-р Никола Тунески во Србија.
10. Доц. д-р Валентина Гечевска во Германија.
11. Проф. д-р Зоран Богатиновски и Доц. д-р Ѓорѓи Аџиев во Словенија и Австрија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**30.11.2006**
**24 СЕДНИЦА НА ННС**

**28.12.2006**
**25 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2006, ноември, број 55**

# Ф А К У Л Т Е Т С К И
# И Н Ф О Р М А Т О Р

## АКТИВНОСТИ

Навлегуваме во втората половина од зимскиот семестар. Наставните активности се наоѓаат во најинтензивната фаза. Веќе се во тек или претстојат првите проверки на знаењето и наученото.

Во меѓувреме Сметачкиот Центар и институтите се "освежија" со нови компјутери и монитори. Лабараторијата по ИИиМ се опреми со нова нисконапонска и компјутерска инсталација.

Останатите активност се во полн тек.

## ПОСЕТА

На 18.11.2006 год. остварена е посета на претставници на компанијата Johnson Matthey, Англиска компанија за производство на катализатори, заедно со Министерот за странски инвестиции Г-дин Веле Самак.

Во рамките на нивната посета презентирани се можностите за обука и реедукација на кадри на МФС.